# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**319.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВЕН ДОЛГ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за јавен долг,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 17 јануари 2025 година.

Бр. 08-318/1
17 јануари 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВЕН ДОЛГ

Член 1

Во Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија" број 62/2005, 137/2006, 88/2008, 35/11 и 139/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 98/19 и 151/21), насловот на членот 25-б се менува и гласи: „Долг кај државата со препозајмување (on-lending)".

Во ставот (1) по зборовите: „задолжување кај државата" се додаваат зборовите: „со препозајмување".

Член 2

По член 25-б се додава нов член 25-в, кој гласи:

**„Долг на Развојната банка на Северна Македонија од Буџетот на Република Северна Македонија**

Член 25-в

(1) За реализација на проекти и/или програми на Владата на Република Северна Македонија, на Развојната банка на Северна Македонија може да и се одобри заем од Буџетот на Република Северна Македонија.

(2) За одобрување на заемот од ставот (1) на овој член, претходно треба да бидат обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија.

(3) Развојната банка на Северна Македонија за одобрување на заемот од ставот (1) на овој член до Министерството за финансии доставува барање со предлог Одлука за задолжување која задолжително треба да содржи износ и цел на задолжувањето.

(4) Во име на Владата на Република Северна Македонија, министерот за финансии потпишува Договор за задолжување од Буџетот на Република Северна Македонија, по претходно донесена одлука од Владата на Република Северна Македонија.

(5) Сервисирањето на заемот и плаќањето на другите трошоци настанати со задолжувањето на Развојната банка на Северна Македонија го врши Развојната банка на Северна Македонија, согласно со Договорот од ставот (4) на овој член.".

Член 3

Овој закон влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

---

## LIGJ
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJI TË BORXHIT PUBLIK

Neni 1

Në Ligjin e Borxhit Publik (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë numër 62/05, 137/06, 88/08, 35/11 dhe 139/14 dhe Gazezta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr. 98/19 dhe 151/21), titulli i nenit 25-b ndryshohet si vijon: Borxh te shteti me rihuamarrje (on-lending)".

Në paragrafin (1), pas fjalëve: "huazim nga shteti" shtohen fjalët: "me rihuamarrje".

Neni 2

Pas nenin 25-b, shtohet nen i ri 25-v si në vijim:

**"Borxhi i Bankës së Zhvillimit të Maqedonisë së Veriut nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë së Veriut**

Neni 25-v

(1) Për realizimin e projekteve dhe/ose programeve të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, Bankës së Zhvillimit të Maqedonisë së Veriut mund t'i jepet kredi nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë së Veriut.

(2) Për miratimin e kredisë, sipas paragrafit (1) të këtij neni, mjetet paraprake duhet të sigurohen në Buxhetin e Republikës së Maqedonisë së Veriut.

(3) Banka e Zhvillimit të Maqedonisë së Veriut për miratimin e kredisë sipas paragrafit (1) të këtij neni, paraqet kërkesë në Ministrinë e Financave me propozim për Vendim për Huamarrje, i cili duhet të përmbajë shumën dhe qëllimin e huamarrjes.

(4) Në emër të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, Ministri i Financave nënshkruan Marrëveshje për huamarrje nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë së Veriut, pas vendimit të miratuar më parë nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut.

(5) Servisimin e kredisë dhe pagesën e shpenzimeve të tjera që rrjedhin nga borxhi i Bankës së Zhvillimit të Maqedonisë së Veriut, i kryen Banka Zhvillimore e Maqedonisë së Veriut, në pajtim me Marrëveshjen sipas paragrafit (4) të këtij neni. "

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi nga dita e botimit të tij në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

---

**320.**

Врз основа на членот 41-а став 1 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ број 42/2001, 73/2002, 78/2002, 5/2003, 58/2006, 110/2008, 51/11, 151/11 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/20) Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 16 јануари 2025 година донесе

**ОДЛУКА
ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНАТА ОПЕРАЦИЈА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ „УНИФИЛ“, ВО РЕПУБЛИКА ЛИБАН**

1. За учество во меѓународната операција на Организацијата на обединетите нации „УНИФИЛ“, во Република Либан (во натамошниот текст: меѓународната операција), се испраќаат двајца припадници на Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Армијата), за период од шест месеци, сметано од февруари до август 2025 година.

2. Финансиските трошоци за транспорт, плати и надоместоци на плати и логистичките трошоци на припадниците на Армијата за учество во меѓународната операција, ги обезбедува Министерството за одбрана.

3. Подготовките и организацијата на припадниците на Армијата за учество во меѓународната операција, ги врши Министерството за одбрана.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| Бр. 08-267/1<br>16 јануари 2025 година<br>Скопје | Претседател на Собранието<br>на Република Северна<br>Македонија,<br>**Африм Гаши**, с.р. |

Në bazë të nenit 41-a, paragrafi 1 të Ligjit të Mbrojtjes (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 42/01, 5/03, 58/06, 110/11, 51/11, 151/11 dhe 215/15 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 42/20), Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më16 janar 2025, miratoi

**VENDIM
PËR DËRGIMIN E PJESËTARËVE TË ARMATËS SË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT PËR PJESËMARRJE NË OPERACIONIN NDËRKOMBËTAR TË ORGANIZATËS SË KOMBEVE TË BASHKUARA “UNIFIL”, NË REPUBLIKËN E LIBANIT**

1. Për pjesëmarrje në operacionin ndërkombëtar të Organizatës së Kombeve të Bashkuara “UNIFIL”, në Republikën e Libanit (në tekstin e mëtejmë: operacioni ndërkombëtar), dërgohen dy pjesëtarë të Armatës së Republikës së Maqedonisë së Veriut (në tekstin e mëtejmë: Armata), për një periudhë gjashtëmujore, e llogaritur nga muaji shkurt deri në gusht të vitit 2025.

2. Shpenzimet financiare për transport, rrogat dhe kompensimet e rrogave dhe shpenzimet logjistike të pjesëtarëve të Armatës për pjesëmarrje në operacionin ndërkombëtar, i siguron Ministria e Mbrojtjes.

3. Përgatitjet dhe organizimi i pjesëtarit të Armatës për pjesëmarrje në organizatën ndërkombëtare, i kryen Ministria e Mbrojtjes.

4. Ky vendim hyn në fuqi ditën e ardhshme nga dita e publikimit në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

| | |
|---|---|
| Nr. 08-267/1<br>16 janar 2025<br>Shkup | Kryetari i Kuvendit të Republikës<br>së Maqedonisë së Veriut,<br>**Afrim Gashi**, d.v. |

**321.**

Врз основа на членот 27 ставови (6) и (7) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија” број 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 208/24) Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 16 јануари 2025 година донесе

**ОДЛУКА
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

I. Собранието на Република Северна Македонија објавува јавен оглас за именување на еден член на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

II. За член на Комисијата за заштита на конкуренцијата се именува лице кое ги исполнува следниве услови и тоа: